# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## на

## Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

*Преамбула*

Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје - во понатамошниот текст „Универзитет“ - е заедница на наставници, соработници, истражувачи, студенти и административно-технички кадар, посветени на идејата да станат движечка сила на македонскиот и меѓународниот научен и културен живот. Универзитетот е инспириран од принципи и вредности признати со Уставот на Република Македонија и со меѓународните акти и конвенции за човекови права, со особен акцент на правилата за заштита на знаењето и неговиот развој, на истражување, на образованието и културата, како суштински основи на мирниот соживот меѓу луѓето.

Универзитетот го промовира унапредувањето на знаењата, вештините и компетенциите и го усвојува критичкиот метод во спроведување на студиите и истражувањата.

Етичките принципи содржани во овој Кодекс претставуваат модели на однесување поддржани од Универзитетот и споделени со меѓународната научна заедница. Нивното прифаќање не значи само обврска за почитување, туку и обврска за промоција и дисеминација на овие принципи и превземање на одговорност во врска со истите.

Инспириран од овие принципи, при извршувањето на својата улога и овластувања, Универзитетот е посветен на промовирање на најдобри услови за работа, соживот и продуктивно учество во активностите на сите негови чинители.

Член 1
Слобода на истражување и настава

Универзитетот го штити и промовира правото на знаење, слободата на истражување и на наставата, во согласност со основните права.

член 2
Права и должности

Сите членови на Универзитетот имаат право да бидат третирани со почит и еднаквост, без дискриминација, било да е директна или индиректна, без оглед на полот, религијата, верувањето, политичкото мислење или став, јазикот, етничкото или социјалното потекло, државјанството, здравствената состојба, возраста или сексуална ориентација.

Сите единици на Универзитетот имаат должност да соработуваат и да го одржуваат името и дигнитетот на Универзитетот на високо ниво. Од нив се бара да ги почитуваат правата на другите и да ги извршуваат со посветеност, достоинство и пристојност, задачите својствени за нивната улога.

Универзитетот превзема соодветни мерки за утврдување, спречување и санкционирање на сите форми на прекршување на должностите предвидени во овој член и во таа насока, пружа помош и заштита на лицата чии права се повредени.

член 3
Заштита на знаењето

Универзитетот го валоризира знаењето како единствен критериум за оценување на вештините и го смета за неприфатлив и штетен за основите на академскиот живот и личното достоинство, секој облик на фаворитизам, непотизам или злоупотреба, кои произлегуваат од позиција на хиерархиска надреденост или позиција.

Со цел да се обезбеди усогласеност со овие принципи, Универзитетот презема соодветни мерки за да се избегнат ситуации на непотизам на субјекти кои припаѓаат на иста семејна средина, во согласност со важечката законска регулатива.

член 4
Соработка со надворешни субјекти

Универзитетот соработува со сите јавни или приватни тела кои имаат цел да ги користат предностите на знаењето за легитимни и заеднички цели. Таквата соработка се одвива со согласност со институцијата, независноста на членовите на академската заедница, како и нивна ослободеност од политички притисок и лични интереси.

член 5
Строгост и транспарентност во вршењето на научната дејност

Членовите на академската заедница се одговорни за квалитетот и транспарентноста на неговата научна дејност. Тие се обврзани да ги почитуваат добрите научни практики, да го надградуваат своето знаење и да да ги спречуваат или барем да ги минимизираат штетните ефекти од нивното истражување, кои, без оглед на тоа колку биле ригорозни и спроведени во услови на целосна легитимност, би можеле да влијаат врз луѓето и животната средина.

Сите кои вршат истражувачки активности на Универзитетот се обврзани да ги соопштат на научната заедница целите, методите, процедурите и резултатите, како и да прифаќаат научно оправдана критика.

член 6
Интелектуална сопственост и плагијаризам

Сите членови на академската заедница имаат право да бидат признаени како авторит на резултатите од сопственото истражување.

Резултатите од научната дејност спроведена на Универзитетот не може да се објават без одредување на индивидуалниот придонес на секој од истражувачите кои придонеле за истиот.

Авторите на интелектуалните дела на Универзитетот не смеат да ги користат истите за свои лични цели без експлицитно овластување од Универзитетот.

Во научно-истражувачката работа не е дозволено плагирање, лажно авторство, измислување и кривотворење на резултатите и автоплагирање. Оваа забрана се однесува на сите пишани трудови на наставно-научниот, соработнички кадар и студентите на Универзитетот (семинарски работи, дипломски и магистерски трудови, труд во списание, монографии и сл.), како и несовесно и неодговорно прикажување на фактите во извештаите за наставната и научно-истражувачката работа.

член 7

Судир на интереси

Членовите на академската заедница се должни да избегнуваат судир на интереси.

Судирот на интерес е ситуација во која личниот интерес на членот на академската заедница или приватниот лице на, со него поврзано лице, влијае или може да влијае на законитото и непристрасно извршување на професионалните обврски (донесување професионални одлуки или превземање на професионални работи)и универзитетските должности од страна на универзитетската академска заедница.

член 8

Настава и оценување

Наставата е право и должност на секој наставник и мора да се спроведува лично со трудољубивост, точност и регуларност, а да бидат обележани со јасност и почитување на студентите, нивните права и нивната култура.

Должност на наставниците е да внимаваат на потребите на студентите, да одговорат на нивните прашања и барања.

Евалуацијата на знаењата на студентите мора да ја вршат наставниците, во согласност со законите и прописите, како и според однапред утврдени процедури.

член 9

Права и должности на студентите

Право на студентите е да ги имаат најдобрите алатки за учење во поглед на достапните ресурси.

Должност на студентите е да ја почитуваат универзитетската институција, наставниот и административно-техничкиот кадар, да имаат меѓусебно почитување, како и максимално да се грижат за инфраструктурата, библиотечниот материјал и технолошката опрема која им стои на располагање.

Исто така, должност на студентите е активно да учествуваат во активностите на студирање и строго да ги почитуваат правилата со кои се уредуваат предавањата, вежбите, полагањата и интелектуална сопственост.

Член 10
Правилно користење на ресурсите

Во согласност со принципите на строгост, ефикасност и домаќинско однесување, сите чинители на универзитетската заедница се обврзани да ги користат ресурсите и капацитетите на Универзитетот, со крајно внимание и грижа, со цел да се зачува нивната функционалност за доброто на сите.

Секое користење на ресурсите на Универзитетот за цели различни од институционалните е забрането.

Член 11
Обврска за соработка

Членовите на универзитетската заедница се должни да негуваат односи на соработка кои се засновани на меѓусебно уважување, почит и разбирање, водејќи сметка за академските интереси на Универзитетот како целина.

Член 12
Усогласеност со должностите содржани во Кодексот

Универзитетот ги превзема потребните мерки за запознавање со содржината на сите засегнати страни со овој Етички кодекс, бара строго почитување на неговите одредби и ги санкционира сите прекршувања на овој кодекс.

Ниту една санкција не може да се изрече ако засегнатото лице не е претходно однапред предупредено, сослушано и му биде уважено правото на одбрана, дури и со помош на експерт.

член 13
Етички совет

Во случај на повреда на етичките вредности од овој кодекс се формира Етички совет на Универзитетот од страна на Сенатот.

Членовите на Универзитетот кои почувствувале повреда на пропишаните етички вредности можат во писмена форма да се обратат до Етичкиот совет.

Етичкиот совет одлучува за секој случај поединечно.

член 14
Етичкиот кодекс стапува на сила на денот на неговото донесување.

Бр. 01-183/2 од 10.05.2021 година